ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 17 – 274/3

**Дата:** 30.03.2015

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## РЕЗИМЕ

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на ефикасноста на преземените мерки, политики и активности за управување со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија.

Ревизијата е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година.

Децата имаат потреба од посебна заштита и грижа, при што одморот и рекреацијата на децата претставува еден од облиците на заштита на децата согласно законската регулатива и право кое е определено во Конвенцијата за правата на детето. Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите, државата и единиците на локалната самоуправа за водење на хумана популациона политика, а се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата.
Утврдените состојби од страна на ревизијата упатуваат на констатации дека: потребно е определување на попрецизни насоки во стратешките документи и програми кои се однесуваат на дејноста одмор и рекреација на деца, на ниво на Република Македонија. не постои мрежа и централна евиденција (регистар) на објекти за одмор и рекреација на деца, финансиските и човечките ресурси во делот на надзорот се недоволни за управување со објектите, што претставува една од причините за отсуство на надзор во оваа дејност и постои несоодветна институционална комуникација. Наведените состојби влијаат на начинот на управување со објектите за одмор и рекреација на деца и нивна искористеност.

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме состојби за преземените мерки, политики и активности од страна на надлежните институции одговорни за

управувањето со објектите за одмор и рекреација на децата. При тоа, констатирано е дека осум детски одморалишта се продадени, шест се објавени за продажба, два објекти се уште ја вршат дејноста одмор и рекреација за деца, додека останатите или се одобрени да се користат за друга намена или се запуштени, руинирани и не се во употребна состојба.

Прелиминарните истражувања кои ревизорскиот тим ги спроведе во Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, ЈУ детско одморалиште „Илинден " – Гостивар, Рекреативен центар „Пелистер" ДООЕЛ Битола, Рекреативен центар за деца и младинци „Мајски Цвет 2010" ДООЕЛ Струга, Центар за бездомни лица објект„Чичино село" – Сарај, објектите детски одморалишта „Страхил Андасарев" – Љубанци, „Горно Водно" – Скопје и „Вишни" – Струга, беа насочени кон осознавање на следните области:

- Правна рамка и стратешки документи– законските и подзаконските акти кои ја уредуваат дејноста одмор и рекреација на деца;
- Институционална поставеност со осврт на: соработката меѓу институциите опфатени со оваа дејност, стручен и инспекциски надзор, како и кадровската екипираност на организационите единици при МТСП значајни за реализација на дејноста;
- Состојбата на градежните објекти кои се користат како сместувачки капацитети за одмор и рекреација на деца, нивната опременост, преземени мерки за заштита на имотот, искористеноста на капацитетите на детските одморалишта, како и воспоставената евиденција;
- Извори на финансирање на активностите за одмор и рекреација на децата, начинот на финансирање и распределба на средствата по корисници.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2012 и 2013 година, но беа земени во предвид и настаните кои се случиле во претходниот период како и во тековната 2014 година.

Од утврдените ризици со прелиминарното истражување, произлегоа заклучоци, по што ревизорскиот тим изготви ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Министерство за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, општина Дојран, ЈУ детско одморалиште „Илинден " – Гостивар, Рекреативен центар „Пелистер" ДООЕЛ Битола, Рекреативен центар за деца и младинци „Мајски Цвет 2010" ДООЕЛ Струга, Центар за бездомни лица објект„Чичино село" – Сарај, објектите детски одморалишта „Страхил Андасарев" – Љубанци, „Горно Водно"- Скопје, „Вишни" - Струга, "Малешево"-Берово, "Плачковички Одреди"- Штип, "Пониква"-Кочани, „11 Октомври"-Дојран и „Николиќ" - Дојран. Врз основа на извршениот увид на

состојбата на објектите за одмор и рекреација на децата, донесени се заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.

Состојбите кои се прикажани во Нацрт извештајот се резултат на применетите постапки на ревизија со цел добивање на објективна и реална слика за состојбата на детските одморалишта, идентификување на ризичните области поврзани со нормативните, организациските, финансиските, материјално - техничките, кадровските и други аспекти за ефикасно функционирање на дејноста одмор и рекреација на децата, откривање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица и институции треба да постапат. Препораките кои ќе произлезат од оваа ревизија на успешност ќе имаат свој удел во подигнувањето на свеста на надлежните институции и јавноста за потребата од постоење на детски одморалишта и развој на дејноста одмор и рекреација на децата, како еден од облиците на заштита на децата согласно законската регулатива и право кое е определено во Конвенцијата за правата на детето .

Извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесените заклучоци.

Со ревизијата на успешност, констатирани се состојби кои имаат влијание на ефикасноста на преземените мерки и активности за управување со објектите за одмор и рекреација на децата во Република Македонија:

- Недоволен и несоодветен опфат на дејноста одмор и рекреација на децата во стратешките документи и програми кои ја регулираат оваа дејност;
- Отсуство на мрежа на детски одморалишта на територијата на Република Македонија, како и невоспоставениот Централен регистар на установи за одмор и рекреација на деца од страна на Министерството за труд и социјална политика;
- Објектите за одмор и рекреација на децата кои се уште се користат за таа намена подолг период не се реновирани, а останатите или се одобрени да се користат за друга цел или се запуштени, руинирани и не се во употребна состојба;
- Финансиските средства за реновирање и опремување на објектите за одмор и рекреација на деца не се доволни и не се воспоставени критериуми за распределба на средствата по корисници;
- Не се почитувани законските одредби и не се воспоставени нормативно - правни предуслови за работа на објектите - детски одморалишта кои ја вршат дејноста одмор и рекреација на деца;

- Недоволна кадровска екипираност во организационата единица одговорна за надзор и неизвршен стручен и инспекциски надзор во установите за одмор и рекреација на децата.
- Несоодветна институционалната соработка во однос на управувањето со објектите за одмор и рекреација на деца.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки, и истите се насочени кон понатамошен развој на дејноста „одмор и рекреација на деца“.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17-274/1 од 16.02.2015 година.